**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-81

Врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10 и 136/11) постапувајќи по известувањето за концентрација помеѓу БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје и АНИ КАБЕЛ-САТ ДООЕЛ Скопје, а поднесено од БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје преку управителот Кирил Трендафилов, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 23.01.2012 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата помеѓу Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на бул. Трета Македонска Бригада бб, Скопје и Друштво за трговија и услуги АНИ КАБЕЛ-САТ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. Првомајска бр. 9-9 Скопје, преку стекнување на дел од имотот во Друштво за трговија и услуги АНИ КАБЕЛ-САТ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје од страна на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) на ден 02.12.2011 година а дополнето на 15.12.2011 година, Друштвото за

телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје) согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), поднесе известување за концентрација помеѓу Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје и Друштво за трговија и услуги АНИ КАБЕЛ-САТ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: АНИ КАБЕЛ-САТ ДООЕЛ Скопје).

Комисијата започна со испитување на известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием.

Комисијата за заштита на конкурецијата при испитување на известувањето и оценка на концентрацијата, ја утврди следната фактичка состојба:

**1. Учесници во концентрацијата: фирма, седиште и предмет на работење:**

1.1 БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на бул. Трета Македонска Бригада бб, Скопје, со приоритетна дејност : дејности на жичани телекомуникации

- БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје поседува 100% од уделите во ТРД ТВ Медиа ДООЕЛ Скопје и ТРД МДС ДООЕЛ Скопје. ТРД ТВ Медиа ДООЕЛ Скопје и ТРД МДС ДООЕЛ Скопје не нудат комуникациски услуги, односно нивните претплатници се преземени од КЕЈБЛТЕЛ ДООЕЛ Скопје (сега БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје).

1.2 АНИ КАБЕЛ-САТ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. Првомајска бр. 9-9 Скопје, со приоритетна дејност : други телекомуникациски дејности

**2. Правна форма на концентрацијата**

Правната форма на концентрацијата е стекнување на директна контрола преку купување на дел од имотот на едно претпријатие.

БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје ќе стекне сопственост на дел од средствата и опремата на АНИ КАБЕЛ-САТ ДООЕЛ Скопје во делот на општина Аеродром и Кисела Вода, каде што АНИ КАБЕЛ-САТ ДООЕЛ Скопје има своја мрежа.

АНИ КАБЕЛ-САТ ДООЕЛ, согласно пред-договор за купопродажба на комуникациска опрема склучен помеѓу БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје( како купувач), АНИ КАБЕЛ-САТ ДООЕЛ

Скопје (како продавач) и Зоран Мојсовски (како гарант) на 30.11.2011 година, се обврзува во целост да му ја продаде комуникациската опрема наведена во Прилогот 1 од пред-договорот за купопродажба. Притоа АНИ КАБЕЛ-САТ ДООЕЛ Скопје се обврзува претходно во законски утврдените рокови да ги извести надлежните органи и своите корисници на кабловска телевизија, телефонски и интернет услуги, за тоа дека АНИ КАБЕЛ-САТ ДООЕЛ Скопје ќе престане со извршување на својата дејност бидејќи целата мрежа му ја продал на БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје и дека сите договори со своите претплатници ќе му ги отстапи на БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје.

Законот во член 12 став (1) точка 2) и став (2) предвидува дека предмет на контрола може да бидат едно, повеќе или делови од претпријатија коишто претставуваат правни субјекти, или средствата на тие субјекти или пак само дел од средствата. Стекнувањето на контрола над средствата се смета за концентрација, само доколку тие средства го сочинуваат целото или дел од претпријатието, т.е. целиот или дел од неговиот бизнис со кој тој е присутен на пазарот, на кој јасно може да му се препише пазарен приход. Преносот на базата на клиенти на дадениот бизнис ги исполнува овие критериуми, ако тоа е доволно за пренос на бизнисот со даден пазарен приход.

Во конкретниот случај се врши пренос на средства (опрема) и на база на клиенти-претплатници, на кои им се обезбедуваат услуги преку опремата-предмет на пред-договорот, заради што согласно член 12 став (1) точка 2) и став (2) точка 1) од Законот настанува промена на контролата на долгорочна основа.

## 3. Правен основ на концентрацијата

Правен основ на концентрацијата е пред-договорот за купопродажба на комуникациска опрема склучен помеѓу БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје (како купувач), АНИ КАБЕЛ-САТ ДООЕЛ Скопје (како продавач) и Зоран Мојсовски (како гарант) на ден 30.11.2011 година.

## 4. Вкупен годишен приход на учесниците на концентрацијата

Вкупниот годишен приход на БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје (БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ЕАД Софија кое е единствен сопственик на БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје) остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар во 2010 година, како година која претходи на концентрацијата изнесува XXX[1] евра[2] или приближно XXX денари.

---

[1] Податоците обележани со ххх претставуваат службена тајна

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Вкупниот годишен приход на БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје остварен со продажба на стоки и/или услуги на пазарот во Република Македонија во 2010 година како година која претходи на концентрацијата изнесува XXX евра или приближно XXX денари.

Вкупниот годишен приход на АНИ КАБЕЛ-САТ ДООЕЛ Скопје остварен со продажба на стоки и/или услуги на пазарот во Република Македонија во 2010 година како година која претходи на концентрацијата изнесува приближно XXX евра или приближно XXX денари.

АНИ КАБЕЛ-САТ ДООЕЛ Скопје нема остварено приходи од продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар во 2010 година.

Заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на светскиот пазар го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност и еден од учесниците е регистриран во Република Македонија. Исто така, заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на пазарот во Република Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност. Следствено, известената концентрација е предмет на одобрение од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 14 став (1) точка 1 и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

## 5. Релевантни пазари

БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје има нотификација од Агенцијата за електронски комуникации - потврда за нотифицирани јавни електронски комуникациски мрежи/услуги на национално и локално ниво.

БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје со својата деловна кативност во законски рамки започнува во Мај 2007 година.
БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје во моментов како оператор на јавна комуникациска мрежа обезбедува аналогна телевизија, дигитална телевизија, интернет услуги и телефонија на сите подрачја во Република Македонија на кои што има поставено своја мрежа и тоа

[2] (среден курс на Народна банка на Република Македонија на 31.12.2010 година, 1 евро = 61,5050 денари)

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Скопје (општини Карпош, Центар, Аеродром, Кисела Вода, Ѓорче Петров, Илинден, Чаир, Бутел, Гази Баба и Шуто Оризари), Велес, Тетово, Куманово, Штип и Прилеп.

БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје во рамките на надградување на својата мрежа ја овозможува triple-play услугата и најново HD сервис (телевизија со висока резолуција или хај дефинишн), кои сервиси се последно светско достигнување на технологијата во сверата на телевизијата преку кабел на корисниците во горенаведените градови.

АНИ КАБЕЛ-САТ ДООЕЛ Скопје врши деловни активности во Република Македонија и обезбедува само аналогна телевизија на територијата на градот Скопје – многу мал дел од општина Кисела Вода и мал дел од општина Аеродром. Друштвото има регистрирано 165 претплатници на кабелска телевизија.

**5.1. Релевантен пазар на производи**

БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје со својата деловна активност обезбедува услуги на пренос на аудио-визуелни содржини до крајни корисници, услуги на фиксни телекомуникациски услуги за крајни корисници и услуги на интернет пристап за крајни корисници.

Со оглед на фактот дека учесникот во концентрацијата АНИ КАБЕЛ-САТ ДООЕЛ Скопје не нуди услуги на фиксни телекомуникациски услуги и услуги на интернет пристап, за целите на оценка на пријавената концентрација, Комисијата го анализира единствено релевантниот пазар на производ - **обезбедување на услуги на пренос на аудио-визуелни содржини до крајни корисници**.

Обезбедување на услуги на пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници опфаќа пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници со користење на различни технологии (кабелска телевизија, сателитска телевизија, IPTV и DVB-T).

Независно од технологијата која се користи, Комисијата утврди дека постои единствен пазар на обезбедување на услуги на пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници.

**5.2. Релевантен географски пазар**

Релевантен географски пазар за оценка на предметната концентрација е територијата на Република Македонија.

6. **Проценка на пазарните удели на учесниците во концентрацијата**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

## 6.1.Пазар на обезбдување на услуги на пренос на аудио-визуелни содржини до крајни корисници

Обезбедување на услуги на пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници опфаќа пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници со користење на различни технологии (кабелска телевизија, сателитска телевизија, IPTV и DVB-T).

Според Годишниот извештај на АЕК за развој на пазарот на електронски комуникации за 2010 година, поделени по технологии уделот на претплатниците на кабелска телевизија изнесува 60-70%, претплатниците на DVB-T имаат удел од 10-20% додека уделот на претплатници на IPTV и сателитска телевизија изнесува 10-20% односно 0-5%. Како што е погоре наведено, Комисијата утврди дека постои единствен пазар на обезбедување на услуги на пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници независно од технологијата која се користи.

- **Удел на операторите во пренос на ТВ содржини до крајни корисници во 2010 година**




Според Годишниот извештај на АЕК за развој на пазарот на електронски комуникации за 2010 година, БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје на релевантниот пазар има пазарно учество од 20-30%, додека АНИ КАБЕЛ-САТ ДООЕЛ Скопје (кој влегува во групата останати) на релевантниот пазар има пазарно учество под 0-5% бидејќи за последниот оператор на овој пазар кој е поединечно наведен даден е пазарен удел од 0-5%, што значи дека ниту еден кабелски оператор од групата „останати“ нема поединечно пазарен удел поголем од 0-5%.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

- **Удел на операторите во пренос на ТВ содржини до крајни корисници во третиот квартал од 2011 година**




Според Годишниот извештај на АЕК за развој на пазарот на електронски комуникации за третиот квартал за 2011 , БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје на релевантниот пазар има пазарно учество од 20-30 додека АНИ КАБЕЛ-САТ ДООЕЛ Скопје има пазарен удел од околу 0-5%.

Со оглед на фактот дека, Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение бр.07-4/6 од 01.04.2008 година ја одобри концентрацијата помеѓу КЕЈБЛТЕЛ ДООЕЛ Скопје (сега БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје) и КТВ ГИВ ДОО Гостивар, КТВ Г-ОН ДООЕЛ Дебар, КТВ КАЛЕ 2001 ДОО Кичево, КТВ Градска Кабловска Телевизија ДООЕЛ Струга, КТВ Г-КАТВ ДООЕЛ Струга, КТВ АЛТРА САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, КТВ ЕВРОСТИЛ ДООЕЛ Крива Паланка, како и фактот дека Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение бр.07-382/3 од 16.10.2009 година ја одобри концентрацијата помеѓу КЕЈБЛТЕЛ ДООЕЛ Скопје (сега БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје) и Инел Интернационал ДООЕЛ Кавадарци, иако истите не се реализирани, бидејки трансакциите се одобрени од Комисијата и можат да бидат реализирани во било кое време во иднина за што не постои законска обврска за дополнително известување, Комисијата при оценка на оваа концентрација, ја цени истата како да се реализирани наведените трансакции.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата утврди дека пазарното учество на БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје на пазарот на обезбедување на услуги на пренос на аудио-визуелни содржини до крајни корисници изнесува 20-30% (уделот на БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје од 20-30%, зголемен за уделите на КТВ ГИВ ДОО Гостивар, КТВ Г-ОН ДООЕЛ Дебар, КТВ КАЛЕ 2001 ДОО Кичево, КТВ Градска Кабловска Телевизија ДООЕЛ Струга, КТВ Г-КАТВ

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

ДООЕЛ Струга, КТВ АЛТРА САТ 2000 ДОЕЛ Охрид, КТВ ЕВРОСТИЛ ДООЕЛ Крива Паланка и Инел Интернационал ДООЕЛ Кавадарци).

7. **Оценка на концентрацијата**

Комисијата за заштита на конкуренцијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став 2 и став 4 од Законот за заштита на конкуренцијата и член 14 од Уредбата за поблиските критериуми за оценка на концентрациите и содржината и формата на известувањето (Службен весник на Република Македонија бр.91/05) оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот, бидејќи нема за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи го во предвид фактот дека АНИ КАБЕЛ-САТ ДООЕЛ Скопје има незначително пазарно учество на релевантниот пазар од 0-5% (само 165 претплатници), со спроведувањето на концентрацијата ќе настанат мали несуштински промени во структурата на пазарот во Република Македонија, односно пазарното учество на БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје на релевантниот пазар ќе се зголеми за многу мал процент.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на концентрацијата.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**